**РАЗГОВОР СО МИРНА АРСОВСКА**

# Некое поинакво видување на формата



*Мирна Арсовска понекогаш се потпишува како М.Арс. Дипломирала вајарство кај професор Васил Василев, но својот уметнички ангажман го посветува на некои поинакви форми. Зад себе има три самостојни и 16 групни изложби, а во „Нарцизми" учествува со својот „Автопортрет"...*

**▲ Каде го наоѓаш линкот меѓу вајарството и објектите и инсталациите како доминантни форми во твојот уметнички израз?**

▼ Следејќи ја линијата на делата изработени по завршувањето на ФЛУ, и делото во „Нарцизми" таа би изгледала како една полна линија, која продолжува во испрекината, во однос на важноста на физичката форма. Тоа не значи дека ја напуштам формата, туку дека нејзината доминација е намалена во корист на просторот околу формата, односно духовноста. Би можело да се каже дека ова е едно друго видување на формата.

**▲ На кој начин ги откриваш и одбираш материјалите со кои работиш?**

▼ При создавањето почнувам од една идеја и ја користам „архивата" на видени или складирани нешта одбирајќи го најадекватниот примерок. Потоа следуваат комбинации на контрасти и сличности: (метал, јаглен, мраз, битумен, дисплеј, флуоресцентна хартија, рендген слика, силиконски чип и други предмети заробени во глицерин, вода, смола, стаклена кутија), користење на информацијата што ја носи материјалот, движењето... Често потрагата по некој материјал не завршува успешно во одредено време, па, понекогаш, тоа го оставам за во иднина.

**▲ Во своите дела воведуваш извесна „научна мисла" во смисла - експериментирање со различни материјали и технички помагала. Дали при ова е поважен процесот или резултатот?**

▼ Процесот е: барање, експериментирање, контакти со стручни лица од научната област, посета на лаборатории, музеи, собирање литература, разговори со блиски, помош од мајсторски работилници, барања по складови и по отпади... Процесот трае, а делото - резултатот, и тоа трае. Кога завршува траењето на процесот, почнува траењето на делото. Во првото сум активна, во второто пасивна. Дали е поважен процесот, или резултатот? Горе-долу - еднакво.

**▲ Како кореспондира твојот „Автопортрет" со концептот на проектот „Нарцизми"?**

▼ „Автопортрет" е проект првпат изработен и изложен 1996. Автопортретот, удвојувањето по своја желба (*желба во тој момент да ја набљудувам реакцијата отстрана*), го карактеризира субјективното и објективното (*покрај „Автопортретот" вклучувам и друг субјект, кој ќе треба да го придвижи процесот*), неповторливото (*сигурно има некој ред и во неповторувањето*), несовршенството (*невештоста на постарата технологија, наспроти верноста на отпечатокот од мојот лик*). Проектот „Автопортрет" е сочинет од метална конструкција - рамка на која е поставен мобилен дел - стаклен сад во кој се наоѓаат предмети потопени во глицеринска течност, кои симболизираат некои мои интимни размислувања. Осветлени со „спот" светло, тие на ѕидот рефлектираат различни облици и движења. На истиот ѕид се наоѓа и гипсена маска - отпечаток од моето лице. Моментот на неповторливост е „фатен" со самиот факт што по извесно време не би било возможно да се добие истиот облик на таа маска (*лицето се менува*)... По углед на автопортретот и овој објект доживеаше промени - најнапред имаше интерактивност, односно, мобилниот дел беше придвижуван од публиката. На оваа изложба тој дел се придвижува со помош на електромотор. Во тој контекст, со извесни варијации, овој објект би можела да го изложувам повеќепати и секогаш да биде поинаков, но повторно да ја има препознатливоста на автопортретот.

**▲ Дали некогаш, можеби, ќе се завртиш кон некои „поженски" елементи за работа?**

▼ Да, да речеме, механичкиот калкулатор од Ада Бајрон Кинг - научник од 19 век и ќерка на Лорд Бајрон.

**Мимоза Петревска**